**Известување за концентрација со која А1 СРБИЈА д.о.о. Белград, Србија има намера да стекне самостојна контрола над Конексио метро д.о.о. Белград, Србија**
**(предмет бр. 08-135/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 23.09.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која А1 СРБИЈА д.о.о. Белград, со седиште на ул. Милутина Миланковича 1ж, 11070 Нов Белград, Србија има намера да стекне самостојна контрола директно над Конексио метро д.о.о. Белград, со регистрирана адреса на Милутина Миланковича 1и, Нов Белград, Србија, преку стекнување 100% од уделот.

Регистрираната дејност на А1 СРБИЈА д.о.о. Белград е обезбедување на следните услуги: (i) телекомуникациски услуги за мобилна телефонија врз основа на лиценца за јавна мобилна телекомуникациска мрежа и услуги на јавни мобилни телекомуникациски мрежи во согласност со стандардот GSM/GSM 1800 и UMTS/IMT - 2000, (ii) телекомуникациски услуги на фиксна телефонија според режимот на општо овластување, (iii) услуги за пристап до интернет и интернет услуги, (iv) изнајмување инфраструктура за дејноста на електронски комуникации, (v) изнајмување на ресурси од електронската комуникациска мрежа и (vi) дистрибуција на медиумски содржини.

Во Северна Македонија, А1 СРБИЈА д.о.о. Белград има три регистрирани поврзани друштва – А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје и Друштво за развој на информатичко компјутерско технолошки производи ЛИНВОРКС ДООЕЛ Скопје.

Целното друштво е создадено како резултат на статусната промена на издвојување со основање, врз основа на што телекомуникациската оптичка мрежа лоцирана во Србија на територијата на Град Белград е пренесена од Конексио д.о.о. на новоформираното Целно друштво Конексио метро д.о.о. Белград. Регистрираната дејност на Конексио метро д.о.о. Белград е кабелски телекомуникации.

Конексио метро д.о.о. Белград нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

За целите на Известувањето, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како (i) пазар за обезбедување на електронски комуникациски услуги преку технологии за фиксен пристап и (ii) пазар за изнајмување на широкопојасна инфраструктура што се користи за вршење на електронски комуникации, додека точниот географски опсег на пазарот е најмалку национален или поширок од национален, но дефиницијата на релевантниот географски пазар може да се остави отворена.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.09.2024 година
Скопје